АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

КАВАДАРЦИ
202 год.
Бр.

Република Северна Македонија ,
Јавна Општинска установа -
Локален Виснки Музеј за регионот Тиквеш

Архивски знак 0102
Рок на чување Трајно
12.12 20 24 год.
Примерок

ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци

Арх.Бр_____
Дата: _____
Кавадарци
Дисанска бр.2а, 1430 Кавадарци
Тел:075 288 427
Email:vinskimuzej.tikvesh@gmail.com

Република Северна Македонија ,
Јавна Општинска установа -
Локален Виснки Музеј за регионот Тиквеш
Бр. 08-160/1
12.12 202 4 год.
КАВАДАРЦИ





ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ-КАВАДАРЦИ ЗА 2025

Кавадарци

Декември, 2024



ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци

ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ-КАВАДАРЦИ ЗА 2025

Годишната Програма за работа на ЈОУ ЛокаленИнски музеј за Регион Тиквеш – Кавадарци за 2024 год претставува оперативен план за работа со кој е програмирана целата работа во институцијата.

Овој документ ефикасно ќе не води при реализација на планираните активности во текот на 2023 година.

ЈОУ ЛокаленИнски Музеј за Регион Тиквеш- Кавадарци како нов правен субјект во Општината, почна со работа во месец Септември 2020.

Имено институцијата претставува специјализиран регионален музеј , прв од ваков тип во нашата држава.

Оваа Локална Културна институција во делот на заштитата на културното наследство во делот на Винарството и Лозарството има за цел да ја развива музејската дејност и културниот менаџмент во делот на презентацијата на културно-историското наследство во Тиквешкиот Регион.

Музејот на виното е непрофитна организација од областа на културата во Општина Кавадарци која има за цел да води културна грижа и културна едукација на сите посетители за едукација и запознавање со културните вредности што овој музеј ги поседува во делот на лозарството и винарството.

Имајќи ги во предвид зацртаните цели и инструменти за нејзино достигнување во Програмата за за Работа и Равој за периодот 2020 – 2024 се истакнуваат приоритетите кои што Локалната заедница треба да ги имплементира во развојот на музејската дејност.

ЈОУ ЛокаленИнски Музеј за Регион Тиквеш-Кавадарци е институционален носител на целокупната музејска дејност во делот на винарството во цел регион на Винските Патишта и има за обврска да ја брши и развива музејската дејност во делот на заштитата на културното наследство.

Во исполнувањето на Годишната Програма за 2024 година, ЈОУ ЛокаленИнски Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци ќе ги следи стратешките принципи кои произлегуваат од Програмата за развој на музејската дејност во Општина Кавадарци.



Имајќи ги во предвид историските факти кои биле процес во овој регион , оваа институција која го обединува цел Тиквешки Регион е носител на децентрализираниот модел на управување на богатото културно наследство за управување на културата и културното наследство.

Виснки Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци е институнационален носител на целокупната музејска дејност во делот на винарството и лозарството во цел Регион на Винските Патишта.

МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Во 2024 година работата на ЈОУ Локален Виснки Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци ќе се организира и изведува како и до сега во согласност со Законот за култура на Р. Северна Македонија, Законот за Музејска дејност, Законот за заштита на спомениците на културата, во постојана координација и потребите на општина Кавадарци – Локална самоуправа, односно градоначалникот и Советот на општина Кавадарци.
Основна работа на Винскиот Музеј во 2024 година како и во останатите сродни институции во нашата држава ќе биде прибирање, обработка, заштита и презентација на музејскиот материјал од сите области на музејската дејност (археологија, историја, етнологија, историја на уметност и ликовна уметност), а со тоа активна и континуирана работа на сите одделенија во Музејот во прибирањето и презентацијата на музејскиот материјал.
Музејскиот материјал (предмети, материјали, документи фотографии и сл.) ќе продолжи и во 2024 година да се евидентира, документира и обработува во влезна, инвентарна, излезна книга и евиденциони картони, како во печатена така и во електронска форма од сите области на музејската дејност.
Во 2024 година ќе продолжиме со теренските истражувања на територијата на цел Тиквешки Регион со евидентирање, прибирање, документирање, стручно и научна обработка, проучување, чување, заштита и презентација на музејскиот матерјал.

Во 2024 година ќе вложиме поголем ангажман во активности за прибирање на етнолошки материјал за потребите на Винскиот музеј каде ќе ги презентираме значајните експонати за преработка на вино во нашиот крај од почетоците до денес.
Во програмата за работа на Винскиот Музеј за 2024 година предвидуваме отворање на поголем број на изложби од сите области на музејската дејност, со што ќе се обидиме да ги задоволиме вкусовите и потребите на поголемиот број љубители на археологијата, етнологијата, историјата, културата и уметноста од нашиот град.

Од особено значење се научно – истражувачките работи, истражувањата што ги вршиме при археолошките рекогносцирања , историско-архивските и етнолошките

истражувања, при што се остваруваат и најдобри резултати кога е во прашање збогатување на сознанијата и прибирање на нови предмети и материјали.

Винскиот Музеј објави и каталог во издавачката дејност, во издавање на научни и стручни публикации, каталози, водичи, проспекти и друг вид на пропаганден материјал. Оваа активност планираме да ја продолжиме и реализираме во текот на 2024 година.

Преку целата година вратите на нашата институција ќе бидатотворени не само за посетителите на изложбите, туку и за сите заинтересирани граѓани кои сакаат да ги збогатат своите знаења во областа на музејската дејност, или пак да добијат некој материјал со кој располага нашата институција.

И понатаму ќе продолжиме да им помагаме на сите заинтересирани стручни и научни работници со потребни материјали со кои располага нашата институција.
А исто така и на нашите ученици и студенти при изготвување на нивните семинарски, матурски и дипломски работи.

Програмските активности и во 2024 год. ќе продолжиме да ги презентираме на локалните и национални средства за јавно информирање, медиуми, информатори, социјалните мрежи и сл.

Организациона поставеност на Јавната Установа

ЈОУ ЛокаленИнски Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци согласно Статутот и Систематизацијата на работни места е организирано во 3 организациони единици (одделенија) и тоа:

- Административна служба
- Стручна служба
- Помошна техничка служба

1.АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

- Се организира работа на музејот, се грижи за законитоста во работата, изготвува програми, планови и извештаи на музејот, ја организира работата на управните

органи и ги спроведува донесенитеодлуки. Врши задачи од доменот на работните односи и одбраната. Во Административната служба се вршат и работи кои се однесуваат на материјалното и финансиското работење на Локален Виснки Музеј - Кавадарци, подготовка на анализи, биланси, пресметки и завршни сметки, контрола на целокупната документација за материјално финансиско работење, обработка на материјално финансиските документи, контирање, ликвидатура и книжење на книговодствени исправи, ажурно водење на сметководствена евиденција, пресметка на плати, придонеси и благајничко работење, како и други работи поврзани со финансисиите и сметководствотово на Локален Виснки Музеј -Кавадарци.

2.СТРУЧНА СЛУЖБА

- Стручната служба на Локален Виснки Музеј - Кавадарци врши истражување, прибирање и средување на музејскиот материјал и предмети, како и стручна и научна обработка, проучување,
-
- заштита и презентирање на музејскиот материјал и предмети. Меѓу другото, води и документација за музејскиот материјал и предмети.
- Работењето во Локален Виснки Музеј - Кавадарци се организира преку организациони единици - одделениа:

- 1.Одделение заетнологија
- 2.Одделение за археологија
- 3.Одделение за односи со јавност, музејска промоција и маркетинг

3. ПОМОШНО ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

- Во помошно техничката служба се вршат работи кои се однесуваат на техничка реализација на постојаната музејски поставка, повремените изложби во Локален Виснки Музеј Кавадарци, одржување на хигената, физичкото обезбедување на Локален Виснки Музеј Кавадарци, работи поврзани со располагање и одржување, курирски работи, набавно-магационерски работи, водење евиденција на набавени и издадени материјали и средства, одржување на основните средства и целокупниот музејски инвентар на Локален Виснки музеј - Кавадарци и други работи.

Со одлука на совет бр 08-6019/23 од 29.09.2022 год на ЈОУ Локален Виснки Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци на трајно користење му се дадени две подружници и тоа „ Туристичко Информативно Биро„ и „ Градска Винотека за што е склучен и Договор за стопанисување од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци и Директорот на Музејот.



ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци

Во прилог на оваа Предлог Програма за работа за 2024 Ви доставуваме и Програма за работа на овие два објекта кои се сега во склоп на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци .

Во моментот во Музејот се ангажирани 7 (седум извршители) и тоа двајца со склучен Договор за вработување на Неопределено време и тоа :

- Друг виш соработник во ЗКН
- Друг работник за прием на посетители и чеири извршители преку агенција за времини вработувања кои се отстапени од Општина Кавадарци.
- Двајца извршители на определено време преку АВРМ во ДПТУ Градска Винотека .
- Тројца извршители преку агенција за привремени вработувања за потребите на Туристичко Информативно Биро.

ТУРИСТИЧКО ИНФОРМАТИВНО БИРО

Туристичко Информативно биро е лоцирано наулица „7 Септември“, на плоштадот веднаш до бистата на НиколаБадев.

Отворено е во 2018 година и досега функционираше во склоп на Општина Кавадарци. Целта на Туристичко информативното биро е поголема препознатливост на самата Општина , односно туристите, граѓаните и останатите гости да имаатместокаденожатдагидобијатпотребнитеинформациизапријатенпретстојвогра дотнагрозјето и виното.
Општинатагоотвориовабиросоцелтуриститеполеснодадојдатдоинформациикакодаг изапознаатситебогатства и убавиникоигиимаатградот и Тиквешијата.

„Промовирање на винскиот туризам како еден од приоритетите на Вински Музеј но секако и на другите природни убавини на Општината и регионот е целта на ова туристичкоинформативнобиро кое сметаме дека ќе го подигниме во секој правец.

-Ќе имаме евиденција и ќе правиме план и програма да привлечеме туристи.
Производствотонагрозје и виноќенибидетаргет, ноовдесе и природнитеубавинина: Моклиште Витачево, Тиквешкоезеро, старитецрквикоипривлекуваатвнимание.





ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци

- Во соработка со Општината планираме да се изработат сувенири, карти , мапи, флаери разгледници за сите знаменитости во Општината.

- Соработка со хотели, сместувачки капацитети, ресторани и организирање на саем со промоција на информативни содржини.

- Соработка со сите Културни институции и изработка на Туристички информатор на месечно ниво за сите културни збиднувања во општината во делот на организација на настани како и нивна промоција.

- Отворени денови на Туристичко Информативното биро

ГРАДСКА ВИНОТЕКА и ВИНОТЕкАЦЕНТАР

Градската Винотека се наоѓа на ул „ ЈНА„ бр 104 во Кавадарци, отворена е 2021 година. Проектот Винотека беше отворен на иницијатива на Градоначалник и Совет на Општина Кавадарци , а даден на управување на Тиквешки Семејни Винарии и Здружение на Македонски Енолози . Со одлука на Советот на Општина Кавадарци бр 08-6019/23 од 29.09.2022, Градската Винотека е дадена на трајно користење на ЈОУ Локален Виснки Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци . Врз основа на ова ЈОУ Локален Виснки Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци ќе ја прошири својата дејност и во 2023 година во насока на промоција на Винскиот туризам отпочне со продожба на вино и виснки производи (мацун, гроздов сок) во оваа Специјализирана продавница.

Освен продажба на вино и виснки производи, во самата Винотека посетителите ќе имаат можност да се запознаат и со Винската култура, традиција, историја, како и географското потекло .

Во самата Винотека ќе се организираат и дегустации , промоции изложби со цел промоција на Винарството и Лозарството во Тиквешкиот Регион.

Во Градска винотека и Винотека Центар, ќе се зголеми асортиманот со продажба на уметнички дела и книги.

Истото се однесува и на Винотека Центар, која е отворена 2024 год.



ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци

ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА СО КОИ ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ КОНКУРИРА ПРЕД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРАНА Р. С. МАКЕДОНИЈА

Во рамките на Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2025 година објавен од страна на Министерството за Култура, ЈОУ Локаленн Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци конкурираше со четири проекти и тоа :

- Проект: **Манифестација Св. Трифун 2025**

Проектот има за цел зачувувување и негување на традицијата во делот на Лозарството и Винарството во Тиквешкиот Регион. Исто така овој проект го промовира и презентира богатото културно наследство како материјално така и нематеријалното културно наследство со посебен акцент на општествено културното значење во зачувувањето и промоцијата на традицијата.

Проектот предвидува организирање на Перформанс за традицијата како низ годините се закројувала виновата лоза , надополнет со Вински Фестивал на кој учество би земале сите Винарии од овој Регион, кои се изложени во самиот музеј.

Проектот има за цел да го промовира нематеријалното културно наследство во делот на одбележување на празникот Св Трифун заедно со сите обичаи и да се зголеми видливоста со што оваа традиција ќе добие поголема препознатливост. Доближување на традицијата и обичаите до сите граѓани.

- Проект : **Конзервација на Фрижидер (ладилник) од 1832 год.**

Фрижидерот (Ладилник) од 1832 год . е единствен од ваков тип во Република Македонија . Служел во тоа време за ладење на вино и ракија . Изработен е од дрво , од локален мајстор од Кавадарци . Во 1885 год .со формирањето на првата винарија " Тиквеш " , поминува во нивна сопственост , а од формирањето на Специјализираниот Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци во 2020 год . е отстапен од фамилијата Велкови од Кавадарци на Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци . Од истражувањата кои се направени од страна на музејот , сведоштвата велат дека , во близина на месноста Липите и во најтоплите месеци во годината имало мраз кој се сечел на коцки и се носел во двете прегради на фрижидерот со што во тоа време , со посебен механизам на истекување на водата , се ладеле виното и ракијата . Механизмот е

тестиран од наша страна и истиот сеуште функционира , па така , овозможува повремено да биде презентирана неговата функција и во денешно време .

Инаку , месноста Липите , локацијата каде што се чувал мразот , е во непосредна близина на растојание од околу 500 метри од Локален Виски Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци. Планираме да ја обележиме патеката која води до локацијата и да ја вметнеме во туристичката понуда поврзана со Локален Виски Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци па така , посетителите ќе може да ги посетат зиданите бунари од камен за чување на мраз кој бил користен за разладување на пијалоците складирани во изложениот фрижидер во Локален Виски Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци . **Овој предмет е еден од најрепрезентативните предмети во Локален Виски Музеј за регион Тиквеш Кавадарци .**

Интерсно е тоа што со текот на годините и огромната посетеност на Локален Виски Музеј за регион Тиквеш Кавадарци од страна на домашни и странски туристи , дознаваме дополнителни податоци за уникатниот фрижидер , на пример , неодмана од посетител од Бугарија , чиј татко имала кафеана во Софија , дознавме дека фрижидерот бил откупен и користен во кафеаната во Софија која се викала " Македонија " во 1885 година. За фрижидерот само имал слушнато и се прашувал што се случило со фрижидерот , каде би можел да биде , каква историја имал , дали сеуште постои и сл . прашања . На негово огромно и видно изненадување , фрижидерот стоеше пред него со сите белези собрани од времето на неговото создавање.

Фрижидерот, кој е предмет на оваа апликација и е од големо значење за презентација на регионот и државата , а секако , се вклопува со проширувањето на дејноста на министерството , покрај негување , чување и презентирање на културата и културното наследство на нашата земја , да преземеме активности , идеи , мерки , иновативни предлози , а се со цел да ја збогатиме туристичката понуда на државата , да ги покажеме заборавените предмети , обичаи , природни убавини , изобилството од археолошки локалитети , градби , покуќнина , садови и сл . Со фрижидерот , кој е тема на оваа апликација , покрај тоа што е единствен и атрактивен предмет од нашиот регион , се покажува колку биле напредни нашите сограѓани од тој период . Кога денес би го вреднувале овој изум од XIX век , тоа би била иновација од највисок ранг .

Доколку Министерството за Култура и Туризам позитивно ни одговори на нашата апликација за конзервација и реставрација , во иднина би можеле со овој Фрижидер , единствен од таков вид , покрај претставување на Локален Виски Музеј за регион Тиквеш Кавадарци , да ја претставуваме и Државата надвор од нашите граници .

- **Екстериерно доуредување на дворот во Виски Музеј**

Екстериерно доуредување на објектот Виски Музеј (нова кровна конструкција со електрична инсталација, по примерот на постоечката) во дворот на Виски Музеј каде се изложени етнолошки предмети.

Целта на овој зафат во дворот на Виски Музеј е заштита на изложените предмети, оплеменување на просторот, подобра функционалност на истиот за многубројните настани кои се одржуваат во текот на годината, без разлика на временските услови, посебно во делот на бината се со цел за подобра презентација на културното наследство преку туризмот.

ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци

Дворот на Вински Музеј и самиот музеј се наоѓаат на најубавата локација во Кавадарци, а тоа е градскиот парк, единствен по својата убавина и содржина.

Во моментот, а тоа е од самото отварање на музејот, покриен е поголем дел во дворот со настрешници од дрвени греди и ќерамиди со осветлување. Со текот на времето, се покажа дека е потребно да се обезбеди настрешница и на останатиот дел, кој воедно и најмногу се користи, изразено во квадратура од околу 150m² покривна површина.

Во самиот двор имаме изложено етнолошки предмети, ги одржуваме нашите настани предвидени со годишната програма за работа, го отстапуваме просторот на сродни институции, здруженија, училишта и останати барателi.

Локацијата е една од најатрактивните во градот и заслужува дополнително доопремување.

- **Збогатување на Музејска збирка**

Целта на овој проект е збогатување на постоечката музејска нпоставка со нови етнолошки предмети во делот на лозарството и винарството како и покуќински предмети на општо задоволство на граѓаните од овој регион кој ќе донесе голем број посетители на државно ниво и надвор од нашите граници.

Видлив ефект и придонес кон напорите за деинституционализација на културата, сопствено промовирање и профилирање, заштитено културно наследство преку проектни активности и подготовки и промоција на што повеќе финални продукти и резултати од дејноста.

Имајќи ги предвид зацртаните цели и инструменти за нивно достигнување во програмата за развој на културата се истакнуваат приоритети кои што со децентрализацијата на локалната заедница треба да ги имплементира во развојот на музејската дејност како што е:

- Собирање, истражување, конзервација и презентација на археолошкото и етнолошкото наследство во регион Тиквеш.

Согласно ова, општина Кавадарци, тргнувајќи од децентрализираниот модел на управување и финансирање на културата и културното наследство, како и стремежите за воспоставување на европските принципи на работа и развој го основа ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци како нов правен субјект со нова музејска поставка на регионално ниво следејќи ги приоритетите како институционален носител на музеолошката дејност.

Оваа локална културна институција во делот на заштитата на културното наследство во делот на лозарството и винарството ја развива музејската дејност и културниот менаџмент во делот на презентацијата на културно - историското наследство на Тиквешкиот регион.

Музејската збирка сега брои преку 100 предмети и истата сакаме да ја збогатиме со нови предмети кои планираме да ги набавиме со откуп од локалното население согласно Законот за заштита на културното наследство и Законот за музеи.

Предметите би се набавиле со распишување на јавен повик (оглас) низ една транспарентна постапка и исклучиво би биле од етнолошки карактер (Предмети поврзани за производство и чување на вино и ракија, покуќински предмети) и други предмети за Винска поставка.

- **Гурмански викенд**

Проектот има за цел зачувување и негување на традицијата во делот на Лозарството и Винарството во Тиквешкиот Регион. Исто така овој проект го промовира и презентира богатото културно наследство како материјално така и нематеријално културно наследство со посебен акцент на општествено културното значење во зачувувањето и промоција на традицијата.

Проектот предвидува организирање на Перформанс за традицијата како низ годините се закројувала виновата лоза, надополнет со Вински Фестивал на кој учество би земале сите Винарии од овој Регион, кои се изложени во самиот музеј.

ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

1. **Наслов на проектот – „ Културно Стопанска Манифестација Св Трифун „**

Проектот има за цел зачувавување и негување на традицијата во делот на Лозарството и Винарството во Тиквешкиот Регион. Исто така овој проект го промовира и презентира богатото културно наследство како материјално така и нематеријалното културно наследство со посебен акцент на општествено културното значење во зачувувањето и промоцијата на традицијата.

Проектот предвидува организирање на Перформанс за традицијата како низ годините се закројувала виновата лоза , надополнет со Вински Фестивал на кој учество би земале сите Винарии од овој Регион, кои се изложени во самиот музеј.

2. **Екстериерно доуредување на објектот Вински Музеј**

Екстериерно доуредување на објектот Вински Музеј (нова кровна конструкција со електрична инсталација, по примерот на постоечката) во дворот на Вински Музеј каде се изложени етнолошки предмети.

Целта на овој зафат во дворот на Вински Музеј е заштита на изложените предмети, оплеменување на просторот, подобра функционалност на истиот за многубројните настани кои се одржуваат во текот на годината, без разлика на временските услови, посебно во делот на бината се со цел за подобра презентација на културното наследство преку туризмот.

Дворот на Вински Музеј и самиот музеј се наоѓаат на најубавата локација во Кавадарци, а тоа е градскиот парк, единствен по својата убавина и содржина.

Во моментот, а тоа е од самото отварање на музејот, покриен е поголем дел во дворот со настрешници од дрвени греди и ќерамиди со осветлување. Со текот на времето, се покажа дека е потребно да се обезбеди настрешница и на останатиот дел, кој воедно и најмногу се користи, изразено во квадратура од околу 150m² покривна површина.

Во самиот двор имаме изложено етнолошки предмети, ги одржуваме нашите настани предвидени со годишната програма за работа, го отстапуваме просторот на сродни институции, здруженија, училишта и останати барателi.

Локацијата е една од најатрактивните во градот и заслужува дополнително доопремување.

3. Збогатување на Музејската збирка

Проектот има за цел одкуп на предмети за збогатување на Музејската поставка (предмети поврзани со производство на Вино: Преса , разни садови, буриња , карти за вино, гижа , чаши за вино, земјоделски алатки,чеза)

4. Наслов на проектот – 18ти Мај – Меѓународен ден на музеите

Меѓународниот ден на музеите се прославува со цел да се подигне јавната свест за улогата на музеите во развојот на општеството. Целта на овој проект е Вински музеј Кавадарци со овој настан да се приклучи заедно со останатите музеи во одбележувањето на овој Светски ден, се со цел да се зголеми видливоста на овие културни институции и нивната важна улога во промовирањето на културата во секојдневното живеење.

Самата манифестација предвидува дегустација на вина на која учество би земале сите винарии од Тиквешкиот регион чии вина се изложени во музејот како и доделување на благодарници и плакети на дел од соработниците на музејот во изминатата година.

5. **Наслов на проектот – Гурмански викенд**

Оваа манифестација предвидува дводневен настан кој се одржува низ цела Европа , за љубителите на домашните специјалитети и на домашните пијалоци.Нашето Тиквешко поднебје е познато по вкусната домашна храна и специјалитети и дел од нив би биле приготвувани на самото место во прекрасниот двор наИнски музеј. Исто така производителите на домашно вино ,ракија, гроздов сок и мацун би служеле свои пијалоци на посетителите.

Самиот настан се предвидува да биде поткрепен со улични забавувачи (аниматори,жонглери и улични свирачи) во чии анимации би уживале и најмалите.

6. **Наслов на Проект – Тиквешки Гроздобер**

Тиквешкиот гроздобер претставува продолжување на една долга и богата традиција која на овие простори која се одржувала уште во времето на античка Македонија, кога во чест на богот на виното Дионис и виновата лоза, биле одржувани „Дионисиеви денови". Овие свеченост траеле неколку дена и на нив присуствувало целото население (и слободните граѓани и робовите). Античките Македонци со голема умешност и љубов ја одгледувале и негувале оваа култура за што сведочат многубројните надгробни стели, мозаици и релјефи на бројните археолошки наоѓалишта во Тиквешијата. Лозарството во средниот век продолжило да се негува на овие простори, а главни негови центри биле црковните и манастирските имоти, каде што се приготвувало и најубавото вино. Со доаѓањето на Турците стагнира неговото производство, бидејќи со коранот била забранета употребата на алкохолни пијалаци.

ПОЧЕТОЦИ:

Општинското раководство во Кавадарци во 1964 година го организира првиот „Тиквешки гроздобер" , манифестација која има стопански, културен и туристички карактер. Првиот одбор на оваа манифестација брои 60 членови, кој број понатаму се зголемува.

По извесно стагнирање во 2001 година, локалната самоуправа на Општина Кавадарци започнува со сериозни подготовки за организирање на Тиквешкиот

гроздобер. Секоја година се избираат претставници на гроздоберот: крал, кралица и нивни придружници. Учесници во карневалската поворка се најчесто ученици од кавадаречките училишта,балетски и играорни групи но и други граѓани на Општина Кавадарци. Дефилето секоја година го збогатуваат гости: ансамбли и уметнички друштва од нашата Република, од бившите југословенски простори, соседните држави, Романија, Бразил... Во вечерните часови се одржуваат голем број на концерти на кои гостуваат познати групи и изведувачи од Македонија и Балканот.

Во оваа традиционална стопанска, туристичка и културна манифестација во изминативе децении свој придонес имаат многу генерации. Манифестацијата секогаш трае три дена и се совпаѓа со празнувањето на денот на ослободувањето на Кавадарци 7-ми Септември. Нејзин белег низ годините била богатата карневалската поворка во која се слави стартот на гроздоберот, а богот Бахус симболично го откинува првиот грозд, изложбата на земјоделски производи и механизација, традиционалните мото-трки кои се бодуваа за првенството на Југославија како и настап на најпопуларните интерпретатори на забавна и народна музика.

Кавадарци денес е најпознат и најголем производител на грозје и вино во Република Македонија и еден од поголемите на Балканскиот Полуостров.

Опис на Проект:

Овој проект би се организирал во соработка со секторот за култура при општина Кавадарци.

Истовремено, целиот проект би бил добро поткрепен со маркетинг капмања преку социјалните и локалните медиуми се со цел поголема таргет група на посетители да слушнат и да го посетат самиот настан.

Реализацијата на проектот би се случувала во прекрасниот амбиент на дворот на Вински Музеј.

Цели на Проектот:

- Афирмација на традицијата и културното наследство во делот на лозарството и винарството на тиквешкиот регион, со посебен акцент на прославата на Тиквешкиот Гроздобер.
- Зачувување на културата, традицијата и обичаите во тиквешкиот регион
- Промоција на туризам на настани

Очекувани резултати од имплементацијата на проектот се:

- Презентација и промоција на богатото културното наследство во делот на лозарството и винарството во Тиквешијата.
- Претставување на традициите и обичаите на лозарите и винарите
- Презентирање на традиционалната културна манифестацијата "Тиквешки Гроздобер"
- Поттикнување на свеста на граѓаните за задржување на белегот на традицијата во тиквешкиот регион.

6 **Наслов на проектот: Нашиот град**

Вовед: Во рамки на Кавадаречко културно лето 2025 и Тиквешки Гроздобер, Информативно Туристичко Биро ќе се вклучи со свој настан. Ќе се постави штанд пред бирото на кој ќе се промовира градот преку рекламен материјал (флаер, сувенири...) на посетителите и туристите.

Опис: Нашата замисла во врска со овој проект е да обезбедиме во рамки на следната година да се изработат потребни рекламни материјали и материјали за продажба поврзани со знаменитостите на град Кавадарци. Овие материјали би биле од голема корист бидејќи туристите се заинтересирани за купување како и добивање на материјал со кои подобро ќе го запознаат градот, ќе се информираат и ќе купат одреден сувернир, магнет и слично. Ова би вклучило:
- Изработување на флаер од неколку страници каде ќе бидат вметнати сите потребни информации во врска со знаменитостите на градот (цркви, манастири, музеи, културни обележја, ресторани, места за посета и сл)
- Набавка на сувенири, магнети, разгледници со сите значајни знаменитости на градот, крата на градот и слично
Исто така, во самиот настан може да вклучиме дегустација на вино, ракија и мини кетеринг, така граѓаните и туристите ќе бидат запознаени со работата на Информативно Туристичко Биро.

Цели и очекувани резултати: Од овој проект очекуваме посетеност од страна на граѓаните на град Кавадарци како и туристи кои за време на Тиквешкиот гроздобер го посетуваат градот. Речиси сите посетители кои го посетиле Информативно Туристичко Биро би купиле карта на градот или некој сувенир па со тоа би имале и заработка.

ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци

Финансиски план за 2025 год за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш – Кавадарци

Врз основа на член 45 од Законот за установите (Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05,120/05 и 5/11 и член 12 од Статутот на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци , Во Прилог на Програмата за Работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш Кавадарци Ви предлагаме Финансиски План за 2025 година .

Вкупните приходи кои се планираат за 2025 година **се 4.780.000,00 мкд** истите се добиени врз основа на направена анализа и трендовите кои ги имавме во изминатата година, и предидувањата за следната година. Исто така земени се во предвид и вкупните капацитети, расположливиот простор и негова очекувана искористеност, портфолиото на услуги, дополнителни дејности кои би ги имале за следната година и дотации и субвенционирање од страна на оснивачот ЛС Кавадарци.

Проекциите на Буџетот на **ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци** во делот на Сопствените приходи се испроектирани врз основа на портфолиото на услуги , и дополнителни дејности согласно вкупниот капацитет на установата.

Влезот на посетители во Музејот и во 2024 година за посетителите од сите категории останува бесплатен.

	Планирано во 2023 година
Сопствени Приходи	280.000,00
Дотации од ЕЛС (Општина Кавадарци)	6.285.000,00
СЕВКУПНО ПРИХОДИ	**6.565.000,00**

ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци

TOTAL REWENUE - CASH-IN	6.565.000,00	

PROEKCIJA ZA OCEKUVANI FINANSISKI REZULTATI- VINSKI MUZEJ KAVADARCI

Profit / loss account (Profit)		

P & L - ACCOUNT			
PRIHODI od redovni od.	**vo Den.**	**vo Eur.**	obrazlozenie
PRIHODI od zakupnaprostor	100.000,00		Prostorot vo sklop na muzejot za odrzuvanje manifestacii soglasno Pravilnik za iznajmuva
PRIHODI od prodazbana vino, umetnichki dela, literatura	100.000,00		Marza Soglasnonadogovor so Vinarski vizbi, pisateli i izdavachki kuci
DRUGI PRIHODI	80.000,00		Donacii, reklamenprostor
PRIHODI od SUBVENCII-DOTACII od LokalnaSamouprava	6.285.000,00		Od Lokalna Samouprava kako osnov
Вкупно	**6.565.000,00**		

ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци RASHODI			Objasnuvanjenapoziciite
Plati, pridonesi, nadomestici	4.500.000.00		Plata, pridonesi I nadomestoci na p za 8 vraboteni –dotacii od LokalnaSamouprava
ProgramskiAktivnosti	300.000,00		Proekti : - KulturnoStopanskaManif S Trifun, , ZbogatuvanjenaMuzejskatazb 18 ti Maj Medzunaroden den na Muze Gurmanskivikend, RabotilnicaLikovniiz I video I audio promocii
Eksterierno doureduvanje			
Na dvorot vo Vinski Muzej	500.000,00		
Sala za degustacija I rabotilnici	300.000,00		
Elektricna energija	450.000,00		
PTT, internet, mob.	50.000,00		Postenski uslugi, internet I mobil telefon
Oglasi I soopshtenija	50.000,00		
Komunalni uslugi (voda I gubrarina)	55.000,00		
Kancel.materij...	50.000,00		kancelariski mater.,riboni,fiskalnile hartija,
Odrzuvanje, I uslugi	100.000,00		Obezbeduvanje ,Smetkovodstver uslugi, I uslugi za odrzuvanje na objektot
Sredstva za higiena	70.000,00		
Prevoz	40.000,00		Prevoz na lugje i predmeti
Reklama, reprezentacija	50.000,00		
Popravka I tekovno odrzuvanje na objekti I oprema	50.000,00		Tekovno odrzuvanje na objektot
Video nadzor za Vinoteka	30.000,00		
Nabavka na fiskalni aparati (2)	50.000,00		
Vkupnoindirektni/fiksnitrosoci:			
VKUPNI RASHODI	**6.565.000,00**		
Profit / loss account			

ЛокаленВинскиМузеј - Кавадарци

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Финансискиот план за 2025 год е зголемен за околу 30% во однос на 2024 год., заради зголемениот број на вработени во 2025, зголемени износи на сметки за комуналии за трите објекти, очекувано зголемување на минималната плата.

Што се однесува до проектите за организација на манифестации и проектите за доуредување и опремување на надворешниот простор на Вински Музеј кои исто така се поднесени и до Министерство за Култура и туризам, доколку бидат одобрени, бараните средства од Општина Кавадарци и Сиветот на општината, ќе бидат намалени за одобрениот износ.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се примени со добивање на Согласност од страна на Советот на Општина Кавадарци.

Директор

Елизабета Ристова